РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА
КРИВА ПАЛАНКА

| Примено. | 19-05-2025 | | |
|---|---|---|---|
| Орг.единица | Број | Прилог | Вредност |
| 18 | 2898/1 | | |

[redacted]

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА РАНКОВЦЕ
РАНКОВЦЕ

| Примено | 22.05.2025 | | |
|---|---|---|---|
| Орг. Един. | Број | Прилог | Вредност |
| 25 | 720/1 | 2 | |

**До:**
Одделение за инспекциски надзор при Општина Крива Паланка и за општина Ранковце

# Б А Р А Њ Е

Од[redacted]

**Почитувани,**

Ве молам, врз основа на Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер, да ми доставите информации во врска со **поднесени инспекциски пријави** кон физичко лице:

[redacted]

Информациите кои ми се потребни се однесуваат на:

1. **Датумите кога се поднесени инспекциските пријави** против наведеното лице,
2. **Идентификација на подносителите** на пријавите – со целосни податоци или со иницијали, доколку има ограничување за објавување на лични податоци.

Истите информации ми се потребни заради правна сигурност, водење постапка и утврдување на можни злоупотреби на пријавувањето како механизам за лични цели.

Ве замолувам да ми ги доставите бараните податоци во писмена форма, во законскиот рок предвиден за постапување по вакви барања.

Согласно Закон за адвокатура, чл.3 –а (1) Државните органи, органите на единиците на локалната самоуправа, како и правните и физичките лица кои имаат јавни овластувања, **должни се на адвокатот во рок од осум дена да му ги дадат податоците и документите** потребни во вршењето на адвокатската дејност во конкретен предмет, освен ако тоа не е во спротивност со должноста за чување на тајна согласно со закон.

Со почит,

[redacted]

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА РАНКОВЦЕ
Бр. 25-720/4
30.05 2025 год.
РАНКОВЦЕ

Врз основа на член 20 став 1 и член 34 став 1 алинеја 11 и 12 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 101/2019), член 13 и член 24 став 1 и став 3 од ЗОУП („Службен весник на Република Македонија“ бр.124/2015), а по овластување на Градоначалникот на Општина Ранковце, согласно Решение број 08-231/1 од 13.02.2024 година, постапувајќи по Барањето за пристап до информации од јавен карактер поднесено од [redacted] проследено од општина Крива Паланка до општина Ранковце заведено под бр. 25-720/1 од 22.05.2025 година, по предметот Барање за пристап до информации од јавен карактер, општина Ранковце преку Службеното лице за посредување со информации од јавен карактер, на 30.05.2025 година, го донесе следното

## РЕШЕНИЕ

1. **Барањето за пристап до информации од јавен карактер** поднесено од [redacted] проследено од општина Крива Паланка до општина Ранковце, заведено под бр. 25-720/1 од 22.05.2025 година **ДЕЛУМНО СЕ ОДБИВА**.

   Се констатира дека дел од бараните информации се информации од јавен карактер (Барана информација под број 1.) и како такви ќе бидат доставени до барателот информациите со кои располага општина Ранковце.
   По спроведен тест на штетност се констатира дека дел од бараните информации (Барана информација под број 2.), претставуваат исклучок од слободен пристап до информации согласно Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер и како такви ќе бидат одбиени, односно нема да бидат доставени.

## *ОБРАЗЛОЖЕНИЕ*

До општина Ранковце е проследено Барање за пристап до информации од јавен карактер од општина Крива Паланка поднесено од Барателот на информации [redacted] кое е примено на 22.05.2025 година и заведено во архива под бр.25-720/1, со кое Брателот бара во писмена форма да му биде доставена следната информација:

Во врска со поднесени испекциски пријави кон физичкото лице: [redacted]

1. Датумите кога се поднесени инспекциските пријави против наведеното лице,

2. Идентификација на подносителите на пријавите- со целосни податоци или со иницијали, доколку има ограничување за објавување на лични подароци.

Постапувајќи по наведеното Барање за пристап до информации од јавен карактер, Општина Ранковце врз основа на информациите со кои располага, а имајќи ја предвид горенаведената одредба од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер на Барателот [redacted] за Барана информација под број 1., и се доставува следната информација:

- Инспекциските пријави против наведеното лице се поднесени во архива во Општина Ранковце на дата 25.09.2024 година и 07.04.2025 година.

Што се однесува за Барана информација под број 2., по спроведен тест на штетност, согласно член 6, став (1), точка 2 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер бараната информација претставува исклучок од слободен пристап до информации што претставува личен податок чие откривање би значело повреда на заштитата на личните податоци и како таква ќе биде одбиена, односно нема да биде доставена.

Согласно горенаведеното Општина Ранковце одлучи како во диспозитивот на ова Решение.

**ПРАВНА ПОУКА:** Против ова Решение може да се поднесе жалба до Агенцијата за заштита на правото за слободен пристап до информациите од јавен карактер во рок од 15 дена од денот на приемот на решението.

**Службено лице за посредување**
**со информации од јавен карактер**
**Александар Стојановски**

**Општина Ранковце**
**Градоначалник**
**Борче Спасовски**

Доставено до:
- Барател на информацијата
- Архива

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА РАНКОВЦЕ
Бр. 25-720/5
30.05.2025 год.
РАНКОВЦЕ

**До**
[redacted]

**Предмет: Достава на информација**

**Почитувани,**

Во врска со Вашето Барање за пристап до информација од јавен карактер кое е проследено од општина Крива Паланка до Општина Ранковце заведено во архива под број 25-720/1 од 22.05.2025 година со кое барате информација од јавен карактер да Ви бидат доставени во писмена форма определени информации, Општина Ранковце донесе Решение со кое делумно го одбива Вашето барање и констатира дека дел од бараните информации претставуваат исклучок од слободен пристап до информации од јавен карактер и Ве известуваме за следното.

По разгледување на Барањето се констатира дека дел од бараните се информации од јавен карактер и ќе бидат доставени во бараната форма и тоа:

Прилог:

- Решение бр. 25-720/4 од 30.05.2025 година;

**Со почит,**

**Службено лице за посредување со информации од јавен карактер**
**Александар Стојановски**
А. [signature]

**Општина Ранковце**
**Градоначалник**
**Борче Спасовски**
[signature, stamp: РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА ОПШТИНА РАНКОВЦЕ РАНКОВЦЕ]